Нова Македонија: 8.02.2013 год.

# Модерниот балет „Врати“ утревечер во МОБ

Модерниот балет „Врати“ во кореографија на Олга Панго ќе се изведе утревечер,

во 20 часот, на малата сцена во МОБ. Музиката е на Џенгиз Ибрахим, режијата и либретото на Наташа Поплавска, а костимите ги изработи Марија Пупучевска. Во „Врати“ играат: Марија Јосифовска Ристовска, Драган Кочовски, Билјана Пашариковска, Маја Митровска и др.

Приказната раскажува за идиличен живот во едно соседство, а заплетот се случува кога се развива забранета љубов помеѓу новата потстанарка и еден од соседите што е во брак.

